# Пристап до информации од јавен карактер
# Факултет за Драмски уметности Скопје

Факултет за драмски уметности во Скопје согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е имател на информации.

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер е:
1. **Цветанка Јаневска**, помлад соработник за човечки ресурси во Одделението за правни и општи работи и за финансово, сметководствено и материјално работење.

Согласно Законот, информација од јавен карактер е информација во која било форма која ја создал или со која располага имателот на информацијата, согласно со неговите надлежности.

Факултетот за драмски уметности има листа на информации од јавен карактер објавена ја својата веб страна www.fdu.ukim.edu.mk

Секое правно и физичко лице без дискриминација по која било основа: (пол, раса, верса, национална, сексуална определба или политичко убедување), може да поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер. Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ова право им го овозможува и на странски правни и физички лица.
Барање се поднесува на образец утврден од страна на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер и истото може да го најдете на веб страната на факултетот ( www.fdu.ukim.edu.mk )

Барањето може да се поднесе пополнето и на обичен лист хартија но на истото барателот е должен да наведе дека станува збор за Барање по основ на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Ваквото барање треба да содржи:
- назив на имателот на информации,
- име и презиме на барателот/назив на правното лице,
- податоци за можен застапник/полномошник,
- информацијата со која сака да се запознае,
- начинот на кој сака да ја добие информацијата,
- адреса, тел.контакт или е-маил на барателот на информацијата.

**Форма на барањето:** Барањето за пристап до информации од јавен карактер може да биде: писмено, усно или во електронска форма.

За усно барање за пристап до информации од јавен карактер обратете се на Факултетот кај службеното лице за посредување со информации од јавен карактер.
Писмено барање може да го испретите по пошта на адреса: ул. Руѓер Бошковиќ бр.22, 1000 Скопје.
Барањето за пристап до информации од јавен карактер во електронска форма испратете го на електронските адреси:
- fdu@ukim.edu.mk
- cvetanka.janevska@fdu.ukim.edu.mk

Единствено барањата примени по електронски пат на претходно наведените електронски адреси ќе бидат предмет на процедура согласно чл.15 ст.2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Формуларот на Барањето за пристап до информации од јавен карактер можете да го превземето од веб страницата на факултетот (www.fdu.ukim.edu.mk) или од веб страната на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер(www.aspi.mk).

**Постапката за барањето за пристап до информации од јавен карактер е бесплатна односно не се наплаќа административна такса при поднесување на барање и увидот во бараната информација е бесплатен.**
Барателот на информацијата за добиениот препис, фотокопија или електронски запис на информацијата, плаќа надоместок во висина на материјалните трошоци утврдени со Одлуката на Владата на Р.С.Македонија.

**Рокови:** Законски рок Факултетот за драмски уметности - Скопје да ви одговори на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер **е веднаш, а најдоцна во рок од 20 дена** од денот на прием на барањето, со можност за продолжување на рокот од 10 дена. За продолжување на рокот и причините за продолжувањето, Факултетот е должен да ве извести најдоцна во рок од 7 дена од денот на прием на барањето.

Доколку **Факултетот не располага со бараната информација** веднаш, а најдоцна во рок од 3 дена од денот на прием на барањето, ќе го препрати барањето до имателот на информации кој според содржината на барањето е имателот на информацијата и за тоа ќе го извести барателот. Во овој случај рокот за добивање на информацијата почнува да тече од денот на добивање на Барањето кај имателот на информацијата на кој му е препратено барањето.

**Дополнување на барањето:** Ако барателот е непотполно и поради тоа Факултетот не може да постапува, ќе побара од барателот на информацијата да го дополни барањето, со укажување на последиците ако тоа не го направи.
Барателот е должен да го дополни барањето во рок од 3 дена од денот на прием на известувањето за потребата од дополнувањето на барањето. Службеното лице ќе му понуди соодветна помош на барателот за дополнување на барањето. Ако барателот не го дополни барањето во предвидениот рок од 3 дена, со решение барањето ќе биде отфрлено.
Против решението за отфрлање на барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Одбивање на барањето:** Доколку, Факултетот делумно или целосно го одбие барањето за пристап до информации од јавен карактер, за тоа ќе изготви решение кое ќе го достави до барателот на информациите. Во решението мора да е образложена причината за одбивање на барањето.

**Право на жалба:** Против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на прием на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Агенцијата решава по жалбата на барателот во рок од 15 дена од денот на приемот жалбата.

Барателот има право да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер кога имателот на информацијата не ги испочитувал роковите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Просторија за увид:** Деканот на Факултетот за драмски уметности во Скопје, како одговорно лице согласно чл.11 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер определи една службена просторија за увид за барателите и тоа е: салата за состаноци, во деканатот на Факултетот.

За повеќе информации погледнете го Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на бев страната на факултетот ( www.fdu.ukim.edu.mk ) или на веб страната на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер(www.aspi.mk).